# ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ СКОПЈЕ

Финансиски извештаи за годината што

завршува на 31 Декември 2021 година и

Извештај на независните ревизори

Скопје, Јули 2022 година

# СОДРЖИНА


| | Страна |
|---|---|
| **Извештај на независниот ревизор до ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ СКОПЈЕ** | 3 - 4 |
| **Финансиски извештаи** | |
| Биланс на приходи и расходи | 5 |
| Биланс на состојбата | 6 |
| Белешки кон Финансиските извештаи | 7 - 17 |
| **Додатоци** | |
| **Додаток 1 -** Годишна сметка (Биланс на приходи и расходи и Биланс на состојба) | |
| **Додаток 2 –** Годишен извештај за работење за 2021 година | |

МСФИ Ревизија

МСФИ Ревизија 2012 ДОО - Скопје
ул. Вангел Тодоровски бр. 5-1/39, 1000 Скопје
Сметка: Комерцијална банка 300000004693478
Даночен број: МК4032021551000
Тел: 02 3 11 23 23 и моб: 070 333 713
www.msfirevizija.com.mk
e-mail:revizija@msfi.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ СКОПЈЕ**

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ СКОПЈЕ (Натаму: Здружението), коишто го вклучуваат Билансот на состојбата заклучно со 31 Декември 2021 година, како и соодветниот Биланс на приходи и расходи во годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на раководството за финансиските извештаи***

Раководството на Здружението е одговорно за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Здружението за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Здружението. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

МСФИ Ревизија 2012 ДОО - Скопје
ул. Вангел Тодоровски бр. 5-1/39, 1000 Скопје
Сметка: Комерцијална банка 300000004693478
Даночен број: МК4032021551000
Тел: 02 3 11 23 23 и моб: 070 333 713
www.msfirevizija.com.mk
e-mail:revizija@msfi.com.mk

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР (Продолжение)**
**ДО РАКОВОДСТВОТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ СКОПЈЕ**

***Мислење***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на Здружението на ден 31 Декември 2021, како и резултатите на нејзиното работење за годината којашто завршува тогаш, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Раководството на Здружението, исто така, е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работа во согласност со Законот за здруженија и фондации. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината што заврши на 31 декември 2021 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работа се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Финансиските информации во годишниот извештај за работа се конзистентни, во сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на **ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ СКОПЈЕ** за годината што заврши на 31 декември 2021 година.

Скопје, 6 јули 2022 година

МСФИ Ревизија 2012
ДОО - Скопје
управител
Жарко Михајловски

Друштво за ревизија МСФИ РЕВИЗИЈА 2012 ДОО Скопје - Аеродром

Овластен ревизор
Жарко Михајловски

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ
**за годината што завршува на**
**31 Декември 2021 и 2020**
(во Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2021 | 31 Декември 2020 |
|---|---|---|---|
| Вкупни приходи | **4** | 15.083.047 | 17.270.511 |
| Вкупни расходи | **5** | (20.660.369) | (14.449.276) |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година | **4** | 12.230.205 | 9.408.970 |
| ***Вишок на приходи - добивка пред оданочување*** | | *6.652.883* | *12.230.205* |
| Данок на добивка | | - | - |
| ***ВИШОК НА ПРИХОДИ НАД РАСХОДИ ПО ОДАНОЧУВАЊЕ*** | | ***6.652.883*** | ***12.230.205*** |

**Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи**

***Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Здружението на ден 9 март 2022 година и се потпишани во негово име од страна на:***

Одговорен за составување на
финансиските извештаи
ТД ЦОН ДОО - Скопје

Извршен директор
Јасминка Фришчиќ

# БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
## на 31 Декември 2021 и 2020
(во Денари)

| | Белешка | 31 Декември 2021 | 31 Декември 2020 |
|---|---|---|---|
| **А СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 6.057.055 | 5.070.462 |
| *Вкупно нетековни средства* | | *6.057.055* | *5.070.462* |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 7 | 5.273.058 | 10.853.093 |
| Краткорочни побарувања | 8 | 1.379.825 | 1.377.113 |
| *Вкупно тековни средства* | | *6.652.883* | *12.230.205* |
| Активни временски разграничувања | | *800* | - |
| ***ВКУПНО СРЕДСТВА*** | | ***12.710.738*** | ***17.300.667*** |
| **Б ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Деловен фонд | 9 | 5.108.063 | 4.866.060 |
| Ревалоризациона резерва | | 948.992 | 204.402 |
| Вишок на приходи над расходи после оданочување | | 6.652.883 | 12.230.205 |
| *Вкупни извори на деловни средства* | | *12.709.938* | *17.300.667* |
| **В ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски спрема добавувачи | 10 | - | - |
| *Вкупно тековни обврски* | | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | | *800* | - |
| ***ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И ОБВРСКИ*** | | ***12.710.738*** | ***17.300.667*** |

**Белешките преставуваат составен дел на финансиските извештаи**

***Приложените финансиски извештаи се одобрени за издавање од страна на раководството на Здружението на ден 9 март 2022 година и се потпишани во негово име од страна на:***

Одговорен за составување на финансиските извештаи
ТД ЦОН ДОО - Скопје

Извршен директор
Јасминка Фришчиќ

# 1. ОПШТА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ СКОПЈЕ

Организацијата „Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените Скопје", со скратено име Е.С.Е Скопје во понатамошниот текст (Здружението) основана е на 10.02.1995 година како непрофитна организација во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации и запишана е во регистарот на Здруженија и Фондации по Рег. бр 89.

Адреса Максим Горки бр.20/1-4 Скопје - Центар

Даночен број 4030995341485

ЕМБС 4970705

Цел на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените е да работи на развивање и помагање на женското и граѓанското лидерство за развој и спроведување на човековите права и социјалната правда во нашето општество. За таа цел Здружението ги мобилизира и организира финансиските и материјалните средства и хуманите ресурси, како во републиката, така и во странство.

Задачи на Здружението се:

- унапредување на женското здравје
- унапредување на здравјето на Ромите
- право на здравје и заштита на права на пациенти
- фискална транспарентност и отчетност на јавните институции
- еднакви можности на жените и мажите.

# 2. ОСНОВА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

## 2.1 Основа за подготовка

Здружението финансиските извештаи ги подготвува во согласност со законските прописи кои се применуваат во Република Македонија, а се однесуваат на работењето на непрофитните организации, во прв ред Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на РМ" број 24/03...154/15) и соодветните подзаконски прописи донесени врз основа на истиот.

Овие Финансиски извештаи ги прикажуваат средствата и обврските, приходите и расходите кои се однесуваат на работењето на Здружението.

Веродостојноста е поткрепена со фактот дека Здружението ќе продолжи да работи во иднина.

# 3. СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Во продолжение е изнесено резиме на значајните сметководствени политики кои беа применети при изготвувањето на Финансиските извештаи на Здружението за годината што завршува на 31 Декември 2021.

## 3.1 Приходи и расходи

Признавањето на приходите и расходите кај Здружението се спроведува согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на РМ" број 24/03...154/15) и член 18 од Правилникот за сметководството за непрофитните организации ("Службен весник на РМ" број 42/03, 08/09, 175/11), односно според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, приходите се признаат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост. Приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно. Приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Според сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

## 3.2 Материјални средства

### *3.2.1. Почетно вреднување*

Материјалните средства (постројките и опремата) почетно се вреднуваат согласно член 14 од Законот за сметководство за непрофитните организации според кое третман на долгорочни средства имаат средствата чиј век на траење е подолг од една година и чија поединечна вредност во моментот на набавка е повисока од 300 евра во денарска противвредност. Долгорочните средства, Здружението почетно ги вреднува по набавна вредност намалена за вкупниот износ на пресметаната амортизација. Набавната вредност на долгорочните средства ја сочинува куповната цена зголемена за увозни царини, данок на додадена вредност, издатоците за превоз и сите други издатоци кои директно можат да се додадат на набавната вредност, односно на трошоците за набавка.

*3.2.2. Последователни издатоци*

Издатоците направени за замена на дел од материјалните средства се евидентираат одделно и се капитализираат само доколку се веројатни идните економски користи што ќе претставуваат приливи во Здружението.

*3.2.3. Амортизација*

Амортизацијата се спроведува со праволиниска метода на отпис која доследно се применува од пресметковен период во пресметковен период, со примена на годишните стапки кои се составен дел на Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Амортизацијата се пресметува поединечно за секое средство во рамките на групите пропишани со Правилникот се додека вредноста на долгорочните средства не биде во целост надоместена. Корисниот век на употреба, односно рокот на отпишување на долгорочните средства се одредува согласно со пропишаните стапки. Во продолжение се дадени годишни стапки за амортизација на материјалните средства, применети на некои позначајни ставки:

| | |
|---|---|
| **Градежни објекти** | 2,5% |
| **Опрема** | 14% |
| **Компјутерска опрема и софтвер** | 20% |
| **Мебел** | 12% |

*3.2.4. Ревалоризација*

Пресметката на ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) Здружението ја врши согласно член 15 од Законот за сметководството за непрофитните организации и членовите 29 и 29-а од Правилникот за сметководството за непрофитните организации. Согласно цитираните законски одредби, пресметката на ревалоризација се врши во следните случаи:

1) при повлекување од употреба и отуѓување или

2) поради повторно вреднување, со стапката на пораст на цените на производителите на индустриски производи објавена од Државниот завод за статистика.

Основица за ревалоризација на долгорочните средства претставува набавната вредност на средствата и нивната сметководствено искажана акумулирана амортизација (исправка на вредноста). Ревалоризацијата на нематеријалните и материјалните средства (нивната набавна вредност и исправка на вредноста), што се набавени во изминати години (до 31.12.2020 година) и не се отуѓени во текот на 2021 година, односно истите се искажани по пописот на 31.12.2021 година и претставуваат елементи на билансот на состојбата составен под истиот датум (за што се применува Образецот РЕВ-1), се пресметува со примена на коефициент за ревалоризација од 0,150.

### 3.3 Побарувања

Побарувањата се признаваат според договорените износи во договорот.

### 3.4 Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти се состојат од паричните средства во благајна, на трансакциски сметки, депозити во банки и високо ликвидни вложувања кои брзо можат да се претворат во пари. Паричните средства во благајната и на сметките во домашна валута се прикажуваат во номинален износ, а во странска валута по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на билансирањето.

### 3.5 Обврски

Обврските се признаваат според договорените износи во договорот.

### 3.6 Обврски за даноци

Даноците се пресметуваат и се плаќаат согласно законските прописи во Република Македонија. Основните активности кои ги извршува Здружението не преставуваат промет во смисла на Законот за данокот на додадена вредност и не се предмет на оданочување со ДДВ.

## 4. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Вкупните приходи се состојат од следново:

| | **31 Декември 2021** | **31 Декември 2020** |
|---|---|---|
| Приходи од донации, членарини и подароци | 15.080.291 | 17.258.979 |
| Приходи од камати и курсни разлики | 2.756 | 11.532 |
| | 15.083.047 | 17.270.511 |
| Пренесен дел на вишокот на приходите од претходната година | 12.230.205 | 9.408.970 |
| *Вкупно приходи* | ***27.313.252*** | ***26.679.481*** |

Здружението своите приходи ги остварува од донации и грантови.

### 4.1. Приходи од донации

Приходи од донации кои во текот на 2021 година беа уплатени на сметката на Здружението за реализирање на нејзините проектни активности и се од следните донатори:

| | 31 Декември 2021 | 31 Декември 2020 |
|---|---|---|
| ФООМ (Фондација отворено општество) | 4.449.685 | 10.239.051 |
| Европска унија | - | 4.031.807 |
| Ист Вест институт за менаџмент | 363.776 | 413.364 |
| Fund for Global Human Rights | - | 1.022.335 |
| Британска амбасада | - | 168.965 |
| Namati | 76.425 | 276.650 |
| Коалиција Маргини | - | 580.770 |
| Отворена Порта | 124.107 | 141.385 |
| Price Waterhouse Coopers | - | 137.700 |
| ЛИЛ | - | 46,422 |
| Population Action International | 2.558.970 | 4.970 |
| Квинна Тилл Квинн | 1.800.882 | - |
| Влада на РСМ | 600.000 | - |
| Светска здравствена организација | 4.465.668 | - |
| Останати приходи | 640.778 | 241.936 |
| *Вкупно приходи* | ***15.080.291*** | ***17.258.979*** |

## 5. ВКУПНИ РАСХОДИ

Вкупните расходи се состојат од следново:

| | 31 Декември 2021 | 31 Декември 2020 |
|---|---|---|
| Трошоците за материјали | 274.506 | 230.765 |
| Потрошена енергија | 119.732 | 113.847 |
| Услуги за одржување | 157.195 | 207.431 |
| Услуги за печатење и обезбедување | 466.108 | 271.739 |
| Превозни, транспортни и телекомуникациски услуги | 380.604 | 417.289 |
| Кампањи за промоција на активностите на здружението | 997.003 | 837.995 |
| Наемнина | 98.542 | 67.802 |
| Трошоци за платен промет | 96.459 | 74.067 |
| Премии за осигурување | 61.410 | 50.873 |
| Дневници и патни трошоци | 189.577 | 1.253.696 |
| Интелектуални и слични услуги | 3.955.087 | 2.792.614 |
| Набавка на опрема и софтвер | 777.354 | 357.754 |
| Бруто плати | 7.902.339 | 6.275.869 |
| Расходи за семинари, советувања, обуки | 738.977 | 457.001 |
| Пренесени средства на други организации | 1.670.495 | - |
| Обезбедена помош | 2.257.340 | 657.314 |
| Останати расходи | 517.641 | 383.220 |
| *Вкупно расходи* | ***20.660.369*** | ***14.449.276*** |

**5.1. Вкупни расходи за 2021 и 2020 по видови на трошоци се следните:**

| ОПИС | 2021 | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|
| | Износ во денари | | Износ во денари | |
| **1.Трошоците за материјали** | | | | |
| - Канцелариски материјал | 114.105 | | 79.285 | |
| - Помошни материјали | 136.238 | | 120.846 | |
| - Средства за хигиена | 24.163 | | 30.634 | |
| **Вкупно:** | | **274.506** | | **230.765** |
| **2.Трошоците за енергија** | | | | |
| - Трошоци за електрична енергија | 119.732 | | 113.847 | |
| **Вкупно:** | | **119.732** | | **113.847** |
| **3. Услуги за одржување** | | | | |
| - Поправки и сервисни услуги | 11.658 | | 46.247 | |
| - Одржување деловни простории | 73.221 | | 72.226 | |
| - Тековно одржување компјутери | 72.316 | | 88.958 | |
| **Вкупно:** | | **157.195** | | **207.431** |
| **4. Услуги за печатење и обезбедување** | | | | |
| - Услуги за печатење | 440.144 | | 249.935 | |
| - Други непроизводни услуги | 25.964 | | 21.804 | |
| **Вкупно:** | | **466.108** | | **271.739** |
| **5. Превозни транспортни и телекомуникациски услуги** | | | | |
| - Транспортни услуги (авио билети, превоз на лица, такси превоз) | 156.563 | | 301.873 | |
| - Телекомуникациски, ПТТ услуги, интернет | 224.041 | | 115.416 | |
| **Вкупно:** | | **380.604** | | **417.289** |
| **6. Кампањи за промоција на активностите на здружението** | | | | |
| - Трошоци за визуелизација и промоција | 997.003 | | 837.995 | |
| **Вкупно:** | | **997.003** | | **837.995** |
| **7. Наемнина** | | | | |
| - Закуп на простор | 89.242 | | 67.802 | |
| - Закуп на опрема | 9.300 | | - | |
| **Вкупно:** | | **98.542** | | **67.802** |
| **8.Трошоци за платен промет** | | | | |
| - провизија на платниот промет | 92.919 | | 74.067 | |
| - надоместок за е-трговија | 3.540 | | - | |
| **Вкупно:** | | **96.459** | | **74.067** |
| **9. Премии за осигурување** | | | | |
| - осигурување лица | 7.884 | | 2.962 | |
| - Осигурување на материјални средства | 53.526 | | 47.911 | |
| **Вкупно:** | | **61.410** | | **50.873** |

| ОПИС | 2021 | | 2020 | |
|---|---|---|---|---|
| | Износ во денари | | Износ во денари | |
| **10. Дневници и патни трошоци** | | | | |
| - Дневници за службени патувања | 30.258 | | 299.890 | |
| - Патни трошоци и ноќевања | 159.319 | | 953.806 | |
| **Вкупно:** | | **189.577** | | **1.253.696** |
| **11. Интелектуални и слични услуги** | | | | |
| - Консултантски услуги | 668.894 | | 446.941 | |
| - Сметководствени, адвокатски, нотарски и ревизорски услуги | 545.875 | | 447.888 | |
| - Преводи и преписи | 269.737 | | 96.596 | |
| - Договор за дело и останати оперативни трошоци за проекти | 2.470.581 | | 1.801.189 | |
| **Вкупно:** | | **3.955.087** | | **2.792.614** |
| **12. Набавка на опрема и софтвер** | | | | |
| - Набавка на компјутери и компјутерска опрема | 362.915 | | 105.599 | |
| - Софтвер | 198.154 | | - | |
| - Друга опрема | 216.285 | | 252.155 | |
| **Вкупно:** | | **777.354** | | **357.754** |
| **13. Бруто плати** | | | | |
| - Нето плата | 5.181.665 | | 4.133.087 | |
| - Данок на личен доход од плати | 508.031 | | 385.206 | |
| - Придонеси | 2.212.643 | | 1.757.576 | |
| **Вкупно:** | | **7.902.339** | | **6.275.869** |
| **14. Расходи за семинари, советувања, обуки** | | | | |
| - Семинари, советувања, обуки | 738.977 | | 457.001 | |
| **Вкупно:** | | **738.977** | | **457.001** |
| **15. Пренесени средства на други организации** | | | | |
| - Пренесени средства на други организации | 1.670.495 | | - | |
| **Вкупно:** | | **1.670.495** | | **-** |
| **16. Дадени помош на физички лица** | | | | |
| - Дадени помош на физички лица | 2.257.340 | | 657.314 | |
| **Вкупно:** | | **2.257.340** | | **657.314** |
| **18. Останати расходи** | | | | |
| - Останати расходи | 517.641 | | 240.281 | |
| **Вкупно:** | | **517.641** | | **240.280** |
| **СЕ ВКУПНО:** | | **20.660.369** | | **14.449.276** |

Во рамките на активностите кои Здружението ги спроведува согласно нејзината програма за 2021 година, беа спроведени следните програмските активности:

1. **Вклучување на граѓаните во процесите на планирање, спроведување и оценување на законската регулатива, буџети и услуги во областите на социјални и економски права**
   1.1. Зајакнување и промоција на вклучувањето на граѓаните во процеси на планирање, спроведување и оценка на законска регулатива, буџети и услуги преку социјална отчетност и правно зајакнување
   1.2. Зголемување на капацитетите на јавните институции за вклучување на граѓаните и го-и во креирање, спроведување и мониторинг на законската регулатива, буџети и услуги
   1.3. Подобрување на здравјето и пристапот кон здравствени услуги за жени, мајки и деца
   1.4. Подобрување на здравјето и пристапот кон здравствени услуги за роми
   1.5. Подобрување на пристапот на жените до пазарот на труд
2. **Обезбедување на еднаков пристап до правда во областите на социјални и економски права**
   2.1. Зајакнување на капацитетите на алтернативните начини на обезбедување на ефективна правна заштита за разрешување на правните проблеми на граѓаните
   2.2. Собирање на податоци засновани на потребите на граѓаните и обезбедување на докази за олеснување на пристапот до правда
   2.3. Обезбедување на пристап до правна заштита за жените кои претрпеле семејно насилство
   2.4. Зајакнување на пристапот до правда и владеење на правото преку инвестирање во формалните институции вклучени во обезбедувањето на правда за граѓаните
3. **Унапредување на фискалната транспарентност на институциите од областа на социјалните и економски права**
   3.1. Зголемување на јавната свесност за значењето на фискалната транспарентност и потребата од буџетирање засновано на приоритети
   3.2. Оценување на степенот на фискална транспарентност и отчетност на јавните институции
   3.3. Застапување за унапредувањето на нивото на фискалната транспарентност

Во завршниот годишен извештај за реализирани активност во 2021 година кој е објавен од Здружението подетално се опишани сите активностите кои биле спроведени во рамките на секоја од наведените програмски активности.

## 6. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

Недвижностите, постројките и опрема се состојат од следново:

| **2021** | **Градежни објекти** | **Постројки и опрема** | **ВКУПНО** |
|---|---|---|---|
| **Ревалоризирана набавна вредност** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2021* | 6.782.139 | 3.362.391 | 10.144.530 |
| Зголемување | | 579.200 | 579.200 |
| Расходувани | | | |
| Ревалоризација | 988.650 | 543.482 | 1.532.132 |
| Други средства | | | |
| *Салдо на 31 Декември 2021* | 7.770.789 | 4.485.073 | 12.255.862 |
| **Ревалоризирана исправка на вредноста** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2021* | 2.850.600 | 2.223.469 | 5.074.069 |
| Амортизација за 2021 | 65.910 | 271.286 | 337.196 |
| Ревалоризација на исправката | 425.530 | 362.012 | 787.542 |
| Расходувано | | | |
| Други промени | | | |
| *Салдо на 31 Декември 2021* | 3.342.040 | 2.856.767 | 6.198.807 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2021*** | ***4.428.749*** | ***1.138.922*** | ***6.057.055*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2021*** | ***3.931.539*** | ***1.138.922*** | ***5.070.461*** |
| **2020** | | | |
| **Ревалоризирана набавна вредност** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2020* | 6.663.501 | 2.958.975 | 9.622.476 |
| Зголемување | - | 348.922 | 348.922 |
| Расходувани | - | - | - |
| Ревалоризација | 118.638 | 54.494 | 173.132 |
| Други средства | - | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2020* | 6.782.139 | 3.362.391 | 10.144.530 |
| **Ревалоризирана исправка на вредноста** | | | |
| *Салдо на 1 Јануари 2020* | 2.734.812 | 1.890.853 | 4.625.665 |
| Амортизација за 2020 | 65.910 | 293.749 | 359.659 |
| Ревалоризација на исправката | 49.878 | 38.867 | 88.745 |
| Расходувано | - | - | - |
| Други промени | - | - | - |
| *Салдо на 31 Декември 2020* | 2.850.600 | 2.223.469 | 5.074.069 |
| ***Нето сметководствена вредност на 31 Декември 2020*** | ***3.931.539*** | ***1.138.922*** | ***5.070.461*** |
| ***Нето сметководствена вредност на 1 Јануари 2020*** | ***3.928.689*** | ***1.068.122*** | ***4.996.811*** |

## 7. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Паричните средства и паричните еквиваленти се состојат од следново:

| | **31 Декември 2021** | **31 Декември 2020** |
|---|---|---|
| Денарски жиро сметки | 5.243.904 | 10.540.932 |
| Благајна денарска | 27.917 | 25.396 |
| Девизни сметка | 1.236,50 | 286.765 |
| *Вкупно парични средства и парични еквиваленти* | ***5.273.058*** | ***10.853.093*** |

## 8. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА

Краткорочните побарувања се состојат од следново:

| | **31 Декември 2021** | **31 Декември 2020** |
|---|---|---|
| Побарувања од странство | - | - |
| Орочени депозити | 1.379.755 | 1.377.001 |
| Останати побарувања | 70 | 112 |
| *Вкупно парични средства и парични еквиваленти* | ***1.379.825*** | ***1.377.113*** |

Орочените депозитите во износ од 1.379.755 денари се орочени денарски средства во Комерцијална банка АД Скопје по договор за орочување кој се продолжува на секои шест месеци и на крајот на извештајниот период истите се сеуште орочени.

## 9. ДЕЛОВЕН ФОНД

Изворите на средства се состојат од следното:

| | **31 Декември 2021** | **31 Декември 2020** |
|---|---|---|
| Деловен фонд | 5.108.064 | 4.866.060 |
| Ревалоризациона резерва | 948.991 | 204.402 |
| *Вкупно* | *6.057.055* | *5.070.462* |

## 10. ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ И ДРУГИ ОБВРСКИ

Обврските спрема добавувачите и другите обврски се состојат од следново:

| | 31 Декември 2021 | 31 Декември 2020 |
|---|---|---|
| Добавувачи во земјата | - | - |
| Обврски за даноци | - | - |
| *Вкупно обврски спрема добавувачи и други обврски* | - | - |

## 11. ПОТЕНЦИЈАЛНИ ОБВРСКИ

На 31.12.2021 година Здружението не е инволвирано во судски постапки во кои се јавува како тужител и како тужена страна со правни и физички лица.

## 12. ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ НАСТАНИ

По датумот на составување на Билансите не се случиле настани од материјално значење, кои треба да се прикажат во финансиските извештаи.